Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
од Сто четириесет и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 18 април 2023 година

Скопје, април 2023 година

**З А П И С Н И К**
**од Сто четириесет и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 18 април 2023 година**

Седницата започна во 12:25 часот.

На седницата претседаваше д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата присуствуваа д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, членовите на Владата д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Славјанка Петровска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Кренар Лога, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, д-р Фатмир Меџити, министер за здравство, доц. д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Каја Шукова, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Азир Алиу, министер за информатичко општество и администрација, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски.

На седницата присуствуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваше и д-р Вјолца Бериша, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

На седницата присуствуваа и м-р Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Муамет Хоџа, портпарол на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство и Ристо Пенов, министер за локална самоуправа.

*

*         *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

## ДНЕВЕН РЕД

- **Пред преминување на Дневен ред**

  - Состојби и напредок на Република Северна Македонија во процесот на преговорите за членство во Европската Унија

    1) Информација за подготовка на билатерален скрининг за Поглавје 25 Наука и истражување од Кластер 3-Конкурентност и инклузивен раст, со придонес од институциите за точките од агендата

    2) Информација за подготовката на Осумнаесеттиот состанок на Поткомитетот за внатрешен пазар и конкуренција помеѓу Европската Унија и Северна Македонија кој ќе се одржи на 26 април 2023 година во Скопје, со прилози

    3) Придонес на Република Северна Македонија кон Извештајот на Европската Комисија за 2023 година

1. Годишен извештај за работата на Комитетот за истрага на воздухопловни несреќи и сериозни инциденти за 2022 година, Годишна програма за работа за 2023 година и Годишен финансиски план по квартали за 2023 година на Комитетот за истрага на воздухопловни несреќи и сериозни инциденти

2. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за основање Јавно претпријатие за водостопанство „Лисиче“-Велес

3. Барање за кредитно задолжување на Јавното претпријатие „Национални шуми“-п.о.-Скопје и давање согласност на Одлуката од Управниот одбор на Јавното претпријатие, со Предлог-одлука

4. Предлог-одлука за продажба на движни ствари (патнички моторни возила)

5. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија

6. Конечни извештаи за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2021 година во Министерство за финансии за сметка на основен буџет (637), сметка на основен буџет (631), сметка на буџет од самофинансирачки активности (787), депозитна сметка (696) и наменска сметка (789)

7. Предлог-одлука за отуѓување градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија

8. Предлог на закон за дополнување на Законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија (*)

9. Предлог-уредба за воспоставување на структурите и органите и за утврдување на нивните меѓусебни односи за индиректно управување со финансиската помош во рамките на Инструментот за претпристапна помош (ИПА III)

10. Информација по Барањето за регулирање на долг бр.11-1228/1 од 9.2.2023 година, поднесено од Општина Ѓорче Петров

11. Информација по Барањето за регулирање на долг бр.11-2137/1 од 1.2.2023 година, поднесено од Општина Демир Капија

12. Информација за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, со Предлог-одлука

13. Информација за одобрување на Тендерска документација и објавување на Јавен повик за доделување на дивечот во ловиштата на користење по пат на концесија во ловниот реон Куманово, со Тендерска документација

14. Информација за Предлог за консолидација на земјоделско земјиште со распределба со промена на границите на катастарските парцели претежно во Катастарска општина Чифлик, Општина Чешиново-Облешево, со Предлог-одлука

15. Информација за вршење на работите за располагање со градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија за Општина Кратово, со Предлог-одлука

16. Информација во врска со Анкетата за квалитет на аеродромски услуги (ASQ) на ТАВ Македонија за 2022 година за Меѓународниот Аэродром Скопје

17. Информација во врска со Барањето на концесионерот Хидроенергија ДООЕЛ Скопје за продолжување на рокот за изградба и почеток со комерцијална работа на малата хидроелектрична централа МХЕЦ Стровија со реф. бр. 250

18. Информација за потребата од донесување на предлог-одлуки за определување на заштитни зони околу водни тела кои се користат за консумирање од страна на човекот

19. Информација за потпишување на договор меѓу Европска Унија од една страна и Северна Македонија од друга страна за учество во Програмата на Унијата „Живот“ (LIFE) за заштита на животната средина и климатски активности

20. Информација во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-песок и чакал на локалитетот „Долна Лака“, Општина Градско, со предлог-одлуки

21. Предлог-одлука за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина-доломит на локалитетот „Бабин Дол“, Општина Македонски Брод

22. Предлог-одлука за забрана на продажба на одделни нафтени деривати

23. Предлог на закон за ратификација на Договорот за правниот статус на мисиите и претставниците на трети држави при Организацијата на Северноатлантскиот договор

24. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „Eurasian Peace 23“ во Република Турција

25. Предлог-одлука за изменување и дополнување на Одлуката за образување на Национална комисија за мало и лесно оружје

26. Информација за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Инженерство за заштита на работна средина“ на Факултет за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, со Предлог-решение

27. Информација за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии-докторски студии (180 ЕКТС) по „Административно право и администрација“ на Правен факултет-Кичево при Универзитет „Св. Климент Охридски“-Битола, со Предлог-решение

28. Предлог-одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Липково

29. Предлог-одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Тетово

30. Предлог-одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Крушево

31. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Македонски Брод (за потребите на ООУ „Св. Климент Охридски“ Македонски Брод)

32. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Македонска Каменица (за потребите на ООУ „Свети Кирил и Методиј“ Македонска Каменица)

33. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Зрновци (мебел за потребите на ООУ „Синиша Стоилов“-Зрновци)

34. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Вевчани (за потребите на ООУ „Страшо Пинџур“-с. Вевчани)

35. Предлог-одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Карпош

36. Предлог-одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Велес

37. Предлог-одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Струга

38. Предлог-одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Виница

39. Предлог-одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Петровец

40. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Сопиште (за потребите на ООУ „Драга Стојановска“, с.Ракотинци-Сопиште)

41. Предлог-одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Теарце

42. Предлог-одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Липково

43. Предлог-одлуки за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Тетово

44. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за трауматологија, ортопедски болести, анестезија, реанимација и интензивно лекување и ургентен центар-Скопје

45. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за трауматологија, ортопедски болести, анестезија, реанимација и интензивно лекување и ургентен центар-Скопје

46. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Здравствен дом на Скопје-Скопје (кабинет за ОРЛ)

47. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Здравствен дом на Скопје-Скопје (дигитален РТГ апарат)

48. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за детски болести-Скопје

49. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за ендокринологија, дијабетес и метаболички нарушувања-Скопје

50. Предлог на закон за изменување на Законот за Царинската тарифа, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

51. Иницијатива од Сашо Цветановски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.23/2023 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 31 став 6 од Законот за вршење на сметководствени работи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.173/22)

52. Понуда од нотар Ермира Мехмети од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.94905 за КО Чаир, на КП бр.183 викано место/улица „Чаир“

53. Понуда од нотар Ермира Мехмети од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.93001 за КО Чаир на КП бр.2569, викано место/улица „Дижонска“ и Имотен лист бр.957773 за КО Чаир на КП бр.2569, викано место/улица „Дижонска бр.96“

54. Понуда од нотар Нерџиван Идризи од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.43855 за КО Карпош на КП бр.860/2, викано место/улица „Партизански одреди“

55. Известување од извршител Гордана Џутеска од Охрид, доставено под И.бр. 62/2021, за Налог за извршување врз недвижност, запишана во Имотен лист бр.60582 и Имотен лист бр.60578, за КО Охрид 3, со дополнувањето

56. Кадровски прашања

57. Прашања и прашања

58. Тримесечен финансиски извештај за работењето на ЈП Службен весник на Република Северна Македонија за периодот октомври-декември 2022 година

59. Извештај за финансиското работење на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје за периодот 1 јули 2022-30 септември 2022 година

60. Извештај за финансиското работење на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје за периодот 1 октомври 2022-31 декември 2022 година

61. Информација за реализација на годишните планови за вработување за 2022 година за периодот јули-декември 2022 година, кој содржи податоци за бројот на планирани и бројот на реализирани вработувања во институциите на јавниот сектор по правична застапеност на припадниците на заедниците, со Полугодишен извештај

62. Извештај за извршувањето на потставките 412110-Постојана резерва непредвидливи расходи) и 413110-Тековни резерви (разновидни расходи) од Буџетот на Република Северна Македонија за периодот 1 јануари-31 декември 2022 година

63. Годишен извештај за работата на финансиската инспекција во јавниот сектор во 2022 година

64. Информација за работењето на компензационите фондови од странска помош со прилог извештаи за 2021 година усвоени од Комисијата за менаџмент со компензационите фондови на седницата одржана на 23 декември 2022 година

65. Извештај за реализација на Програмата за развој на туризмот во Република Северна Македонија за 2022 година

66. Извештај за реализација на Програмата за поддршка на домашен туризам за работници со ниски приходи за 2022 година

67. Информација во врска со Договорот за изградба на автопатот на Коридорот 8: делница Тетово-Гостивар-Букојчани и Требениците-Струга-Ќафасан и автопатот на Коридор 10 Д: делница Прилеп-Битола, број 09-2234/1 од 8 март 2023 година

68. Информација за процесите за дигитализација

69. Информација за исплата на пензии за април 2023 година

70. Информација во врска со консултациите со Француската агенција за развој (АФД) за одобрување на кредитна линија и доставената ревидирана понуда со предлог-услови од страна на АФД

71. Предлог-одлука за доделување на концесија за експлоатација за потребите за изградба на хидротехнички објект-брана Отиња на минерална суровина-песок и чакал на Општина Штип на локалитетот „Акумулационен простор на насипната брана Отиња“, Општина Штип

72. Предлог-одлука за доделување на концесија за експлоатација за изградба на хидротехнички објект-брана Отиња на минерална суровина-глина на Општина Штип на локалитетот „Шмрк“ с. Долани, Општина Штип

73. Информација за дуално образование

74. Информација за давање согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредни години на Министерството за здравство за набавка на системи за следење (мониторирање) на гликоза базиран на сензори наменети за пациенти со тип 1 дијабетес за периодот април 2023 година-април 2025 година во Република Северна Македонија

75. Информација за престанување на важењето на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за производство, трговија и услуги Крушево веед ИНТ ДОО-Скопје, со Предлог-одлука

76. Информација за престанување на важењето на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за производство, трговија и услуги Цаналифе ДОО с. Ивањевци-Могила, со Предлог-одлука

77. Информација за престанување на важењето на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за производство, транспорт и услуги Каннафиелд ДООЕЛ-Скопје, со Предлог-одлука

78. Информација за престанување на важењето на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштвото за производство, трговија и услуги Реј греен ДОО-Скопје, со Предлог-одлука

79. Информација за престанување на важењето на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Трговско друштво за одгледување на лековити растенија, застапување, услуги и трговија на големо и мало Цанноби увоз извоз ДООЕЛ Скопје, со Предлог-одлука

80. Информација за престанување на важењето на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за производство, промет и услуги Кабеири ДОО увоз-извоз Скопје, со Предлог-одлука

81. Информација за престанување на важењето на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за производство и трговија Андерсон леонард фармацеутикал ДООЕЛ-Скопје, со Предлог-одлука

82. Информација за престанување на важењето на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за трговија и услуги Солидис хербал ДООЕЛ Струмица, со Предлог-одлука

83. Информација за престанување на важењето на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за производство, трговија и услуги Грин медикал терапи ДОО Чучер-Сандево Скопје, со Предлог-одлука

*

*　　*

**Пред преминување на Дневен ред:**

**Состојби и напредок на Република Северна Македонија во процесот на преговорите за членство во Европската Унија**

**1) Информација за подготовка на билатерален скрининг за Поглавје 25 Наука и истражување од Кластер 3-Конкурентност и инклузивен раст, со придонес од институциите за точките од агендата**

Владата ја разгледа Информацијата за подготовка на билатерален скрининг за Поглавје 25 Наука и истражување од Кластер 3-Конкурентност и инклузивен раст, со придонес од институциите за точките од агендата и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја утврди Предлог листата на учесници за билатералниот скрининг.

2. Се задолжува работната група Поглавје 25 Наука и истражување при настапот на билатералниот скрининг да се придржува кон дефинираните ставови и позиции

согласно презентациите и насоките од главниот преговарач и Секретаријатот за европски прашања.

3. Се задолжуваат Министерството за образование и наука, Министерството за финансии и Фондот за иновации и технолошки развој да утврдат ставови по однос на отворените прашања наведени во текстот на Информацијата и истите да ги достават до главниот преговарач, најдоцна до 24 април 2023 година.

**2) Информација за подготовката на Осумнаесеттиот состанок на Поткомитетот за внатрешен пазар и конкуренција помеѓу Европската Унија и Северна Македонија кој ќе се одржи на 26 април 2023 година во Скопје, со прилози**

Владата ја разгледа Информацијата за подготовката на Осумнаесеттиот состанок на Поткомитетот за внатрешен пазар и конкуренција помеѓу Европската Унија и Северна Македонија кој ќе се одржи на 26 април 2023 година во Скопје, со прилози и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува претседавачот на Поткомитетот за внатрешен пазар и конкуренција, во соработка со Секретаријатот за европски прашања, да ја утврди финалната листа на учесници на состанокот на Поткомитетот и истата да биде доставена до Европската комисија преку Секретаријатот за европски прашања, најдоцна до 25 април 2023 година.

2. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања, добиените пишани материјали на англиски јазик, согласно точките на Дневниот ред на состанокот на Поткомитетот, да ги достави до службите на Европската комисија, најдоцна до 25 април 2023 година.

**3) Придонес на Република Северна Македонија кон Извештајот на Европската Комисија за 2023 година**

Владата го разгледа Придонесот на Република Северна Македонија кон Извештајот на Европската комисија за 2023 година, го усвои и го задолжи Секретаријатот за европски прашања, најдоцна до 19.4.2023 година, до Европската комисија да ја достави англиската верзија на Придонесот на Република Северна Македонија кон Извештајот на Европската комисија за 2023 година.

*
*   *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

## Точка 1

Владата ги разгледа и усвои Годишниот извештај за работата на Комитетот за истрага на воздухопловни несреќи и сериозни инциденти за 2022 година, Годишната програма за работа за 2023 година и Годишниот финансиски план по квартали за 2023 година на Комитетот за истрага на воздухопловни несреќи и сериозни инциденти.

## Точка 2

Владата ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за основање Јавно претпријатие за водостопанство „Лисиче"-Велес.

## Точка 3

Владата по Барањето за кредитно задолжување на Јавното претпријатие „Национални шуми"-п.о.-Скопје и давање согласност на Одлуката од Управниот одбор на Јавното претпријатие, со Предлог-одлука, ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за кредитно задолжување на ЈП „Национални шуми"-п.о.-Скопје.

## Точка 4

Владата ја донесе Одлуката за продажба на движни ствари (патнички моторни возила).

## Точка 5

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија.

## Точка 6

Владата ги разгледа Конечните извештаи за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2021 година во Министерство за финансии за сметка на основен буџет (637), сметка на основен буџет (631), сметка на буџет од самофинансирачки активности (787), депозитна сметка (696) и наменска сметка (789), како материјал за информирање.

Истовремено, Владата го задолжи Министерството за финансии да подготви акциски план со точно дефинирани активности, рокови и носители за спроведување на дадените препораки од конечните извештаи на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2021 година во Министерството за финансии за: сметка на основен

буџет (637), сметка на основен буџет (631), сметка на буџет од самофинансирачки активности (787), депозитна сметка (696) и наменска сметка (789) и истиот во рок од 30 дена да го достави до Владата и до Државниот завод за ревизија.

**Точка 7**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за отуѓување градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија и условно ја донесе Одлуката за отуѓување градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија поради потребата Министерството за транспорт и врски да достави ново мислење по истата.

**Точка 8**

Владата го симна од Дневен ред Предлогот на закон за дополнување на Законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија (*), со оглед дека истиот е разгледан и утврден на Сто четириесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 11 април 2023 година.

**Точка 9**

Владата ја донесе Уредбата за воспоставување на структурите и органите и за утврдување на нивните меѓусебни односи за индиректно управување со финансиската помош во рамките на Инструментот за претпристапна помош (ИПА III).

**Точка 10**

Владата ја разгледа Информацијата по Барањето за регулирање на долг бр.11-1228/1 од 9.2.2023 година, поднесено од Општина Ѓорче Петров, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за финансии да склучи договор за регулирање на долгот со должникот Општина Ѓорче Петров, со кој обврската за измирување на доспеаниот долг во износ од 3.825.142,00 денари, зголемен за камата во висина на референтната каматна стапка на Народна банка на Република Северна Македонија, ќе ја плати на шест еднакви месечни рати почнувајќи од 1.5.2023 година.

**Точка 11**

Владата ја разгледа Информацијата по Барање за регулирање на долг бр.11-2137/1 од 1.2.2023 година, поднесено од Општина Демир Капија, ја усвои и го задолжи Министерството за финансии да склучи Договор за регулирање на долг со должникот Општина Демир Капија, со кој обврската за измирување на доспеаниот долг во износ од 1.429.378,00 денари, зголемен за камата во висина на референтната

каматна стапка на Народна банка на Република Северна Македонија, ќе ја плати на шест еднакви месечни рати почнувајќи од 1 мај 2023 година.

**Точка 12**

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (Министерство за финансии-Царинска управа).

**Точка 13**

Владата ја разгледа Информацијата за одобрување на Тендерска документација и објавување на Јавен повик за доделување на дивечот во ловиштата на користење по пат на концесија во ловниот реон Куманово, со Тендерска документација, ја усвои Информацијата и ја одобри Тендерската документација за давање на дивечот во ловиштата на користење по пат на концесија во ловниот реон Куманово.

**Точка 14**

Владата ја разгледа Информацијата за Предлог за консолидација на земјоделско земјиште со распределба со промена на границите на катастарските парцели претежно во Катастарска општина Чифлик, Општина Чешиново-Облешево, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за спроведување на постапка за консолидација на земјоделско земјиште со распределба со промена на границите на катастарските парцели претежно во Катастарска општина Чифлик, Општина Чешиново-Облешево.

**Точка 15**

Владата ја разгледа Информацијата за вршење на работите за располагање со градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија за Општина Кратово, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за вршење на работите за располагање со градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија за Општина Кратово.

**Точка 16**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Анкетата за квалитет на аеродромски услуги (ASQ) на ТАВ Македонија за 2022 година за Меѓународниот Аеродром Скопје, ја усвои Информацијата и ја одобри Анкетата за квалитет на

аеродромски услуги (ASQ) на ТАВ Македонија за 2022 година за Меѓународниот Аеродром Скопје.

**Точка 17**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Барањето на концесионерот Хидроенергија ДООЕЛ Скопје за продолжување на рокот за изградба и почеток со комерцијална работа на малата хидроелектрична централа МХЕЦ Стровија со реф. бр. 250 и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се овластува министерот за животна средина и просторно планирање, во име на Владата на Република Северна Македонија како концедент да го склучи анексот на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Стровија со реф.бр. 250, бр. 11-795/1 од 30.1.2018 година, за продолжување на рокот за изградба и почеток на комерцијално работење до 2.9.2023 година.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да побара од концесионерот Хидроенергија ДООЕЛ Скопје да ја продолжи важноста на банкарската гаранција за квалитетно извршување на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Стровија со реф.бр. 250, најмалку до 2.11.2023 година.

**Точка 18**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на предлог-одлуки за определување на заштитни зони околу водни тела кои се користат за консумирање од страна на човекот, ја усвои и го задолжи Министерството за здравство, во соработка со Министерството за животна средина и просторно планирање во рок од 30 дена до Владата да ги достави предлог-одлуките за определување на заштитни зони околу водни тела кои се користат за консумирање од страна на човекот и тоа:

1. Предлог-одлука за определување на заштитни зони на водите околу водозафатни објекти на бунарско подрачје Моин и бунарско подрачје Вардар, утврдени мерки за заштита, услови, начин на воспоставување на заштитните зони и картографски приказ, која е во интерес на јавното водоснабдување на градот Гевгелија и околните населени места.

2. Предлог-одлука за определување на заштитни зони околу водозафатни објекти бунари во бунарско поле Кошарка, бунарско поле Орушица и Кишовица и бунарско поле Бегова Ливада и седум извори, утврдени мерки за заштита, услови, начин на воспоставување на заштитните зони и картографски приказ, која е во интерес на јавното водоснабдување на Општина Прилеп.

3. Предлог-одлука за определување на заштитни зони за заштита на водите околу водозафатни објекти-бунари, река Сушица, река Српска, река Јаворник, река Воденишница, утврдени мерки за заштита, услови, начин на воспоставување на заштитните зони и картографски приказ, која е во интерес на јавното водоснабдување на с. Куклиш, с. Муртино, с. Сачево, с. Свидовица и с. Банско, Општина Струмица.

4. Предлог-одлука за определување на заштитни зони за заштита на водите околу водозафатни објекти тиролски зафат на Радовишка Река, каптажна галерија-кула и на десет експлоатациони бунари, утврдени мерки за заштита, услови, начин на воспоставување на заштитните зони и картографски приказ, која е во интерес на јавното водоснабдување на градот Радовиш и населените места Раклиш, Ињево, Воиславци и Сулдурци.

5. Предлог-одлука за определување на заштитни зони за заштита на водите околу водозафатни објекти бунари на локација с. Јурумлери, утврдени мерки за заштита, услови, начин на воспоставување на заштитните зони и картографски приказ, која е во интерес на јавното водоснабдување на населените места во општините Илинден, Петровец и Гази Баба.

6. Предлог-одлука за определување на заштитни зони за заштита на водите за подрачјето на зафатите на подземните води од „Рени" бунарите и бунарскиот систем „Шорка", Велес, утврдени мерки за заштита, услови, начин на воспоставување на заштитните зони и картографски приказ, која е во интерес на јавното водоснабдување на градот Велес.

7. Предлог-одлука за определување на заштитни зони за заштита на водите околу водозафатни објекти голем и мал извор во с. Крушје и бунари во бунарско подрачје Царев Двор, утврдени мерки за заштита, услови, начин на воспоставување на заштитните зони и картографски приказ, која е во интерес на јавното водоснабдување на Општина Ресен.

8. Предлог-одлука за определување на заштитните зони за заштита на водите за водозафатните објекти на Црвена Река, река Сапунчица, река Лак Поток, река Стара Бука и бунарско подрачје Ново Змирнево, мерки за заштита, услови, начин на воспоставување на заштитните зони и картографски приказ која е во интерес на јавното водоснабдување на градот Битола.

9. Предлог-одлука за определување на заштитни зони на водите на акумулацијата Турија со утврдени мерки за заштита, услови, начин на воспоставување на заштитните зони и картографски приказ, која е во интерес на јавното водоснабдување на градот Струмица.

10. Предлог-одлука за определување на заштитни зони за заштита на водни тела Митев мост-Куманово со утврдени мерки за заштита, услови, начин на воспоставување на заштитните зони и картографски приказ, која е во интерес на јавното водоснабдување на Општина Куманово.

11. Предлог-одлука за определување на заштитните зони за заштита на водите за извориште Сирки и бунар во с. Прдејци со утврдени мерки за заштита, услови, начин на воспоставување на заштитните зони и картографски приказ, за водоснабдување на населено место Прдејци, Општина Гевгелија.

12. Предлог-одлука за определување на заштитни зони за извори „Лунгур" и „Лешки" и бунар „Негорци" со утврдени мерки за заштита, услови, начин на воспоставување на заштитните зони и картографски приказ, за водоснабдување на населено место Негорци, Општина Гевгелија.

13. Предлог-одлука за определување на заштитни зони за извор „Луково" и бунар „Миравци" со утврдени мерки за заштита, услови, начин на воспоставување на заштитните зони и картографски приказ, за водоснабдување на населено место Миравци, Давидово и Милетково, Општина Гевгелија.

14. Предлог-одлука за определување на заштитни зони за бунар „Смоквица" со утврдени мерки за заштита, услови, начин на воспоставување на заштитните зони и картографски приказ, за водоснабдување на населено место Смоквица, Општина Гевгелија.

15. Предлог-одлука за определување на заштитните зони за заштита на водите за водните тела Големи извори на Попова Шапка, Вакуфски извор и Уливерички извори на Шар Планина со утврдени мерки за заштита, услови, начин на воспоставување на заштитните зони и картографски приказ, која е во интерес на јавното водоснабдување на градот Тетово.

16. Предлог-одлука за определување на заштитните зони за заштита на водите на бунарите Грдовски Орман со утврдени мерки за заштита, услови, начин на воспоставување на заштитните зони и картографски приказ, која е во интерес на јавното водоснабдување на градот Кочани и населените места Оризари, Грдовци, Прибачево, Горни Подлог, Долни Подлог, Мојанци, Тркање и Бања.

17. Предлог-одлука за определување на заштитни зони на водите на акумулацијата Лисиче-Велес со утврдени мерки за заштита, услови, начин на воспоставување на заштитните зони и картографски приказ, која е во интерес на јавното водоснабдување на градот Велес.

18.Предлог-одлука за изменување и дополнување на Одлуката за определување на заштитни зони за заштита на водите за водозафатниот објект извор „Рашче", мерки

за заштита, услови, начин на воспоставување на заштитните зони и картографски приказ.

**Точка 19**

Владата на предлог на предлагачот го одложи разгледувањето на Информацијата за потпишување на договор меѓу Европска Унија од една страна и Северна Македонија од друга страна за учество во Програмата на Унијата „Живот“ (LIFE) за заштита на животната средина и климатски активности, за наредната седница на Владата, поради потребата од дополнителни усогласувања.

**Точка 20**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-песок и чакал на локалитетот „Долна Лака“, Општина Градско, со предлог-одлуки, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за одбивање на Иницијативата за започнување на постапката за детални геолошки истражувања.

**Точка 21**

Владата ја донесе Одлуката за еднostран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина-доломит на локалитетот „Бабин Дол“, Општина Македонски Брод.

**Точка 22**

Владата ја донесе Одлуката за забрана на продажба на одделни нафтени деривати.

**Точка 23**

Владата го разгледа Предлогот на закон за ратификација на Договорот за правниот статус на мисиите и претставниците на трети држави при Организацијата на Северноатлантскиот договор, го утврди и заклучи согласно член 188 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Славјанка Петровска, министер за одбрана, м-р Фатмире Исаки, заменик на министерот за надворешни работи и м-р Тирон Јајага, заменик на министерот за одбрана, а за повереници Владимир Анчев, државен секретар во Министерството за одбрана, Катерина Ставревска, директор во Министерството за надворешни работи и Наташа Дескоска, помошник-директор во Министерството за надворешни работи.

**Точка 24**

Владата ја донесе Одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество на вежбата „Eurasian Peace 23“ во Република Турција.

**Точка 25**

Владата ја донесе Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за образување на Национална комисија за мало и лесно оружје.

**Точка 26**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Инженерство за заштита на работна средина“ на Факултет за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, со Предлог-решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „ Инженерство за заштита на работна средина“ на Факултет за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, ја усвои Информацијата и го даде Решението за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Инженерство за заштита на работна средина“ на Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, со заклучок во делот на ПРАВНА ПОУКА, зборовите „Управниот суд на Република Северна Македонија“, да се заменат со зборовите „Управниот суд“.

**Точка 27**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на Решение за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии-докторски студии (180 ЕКТС) по „Административно право и администрација“ на Правен факултет-Кичево при Универзитет „Св. Климент Охридски“-Битола, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии-докторски студии (180 ЕКТС) по „Административно право и администрација“ на Правен факултет-Кичево при Универзитет „Св. Климент Охридски“-Битола.

**Точка 28**

Владата ги донесе:

1. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Липково (за потребите на ООУ „Фаик Коница“, с. Слупчане, Липково).

2. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Липково (за потребите на ООУ „Антон Зако Чајупи“, с.Отља, Липково).

3. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Липково (за потребите на ООУ „Дитуриа“, с.Липково).

4. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Липково (за потребите на ООУ „Култура“, с.Матејче, Липково).

5. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Липково (за потребите на ООУ „Рилиндија“, с.Лојане, Липково).

6. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Липково (за потребите на ООУ „5-ти Октомври“, с. Никуштак, Липково).

7. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Липково (за потребите на ООУ „7 Марси“ с. Опае, Липково).

**Точка 29**

Владата заклучи:

1. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Тетово (за потребите на ООУ „Рилиндија“, с.Селце, Тетово).

2. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Тетово (за потребите на ООУ „Ѓерѓ Кастриоти-Скендербеу“, с.Порој, Тетово).

3. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Тетово (за потребите на ООУ „Наим Фрашери“, Тетово).

4. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Тетово (за потребите на ООУ „Прпарими“, с. Голема Речица, Тетово).

5. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Тетово (за потребите на ООУ „Реџеп Вока“, с. Шипковица, Тетово).

6. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Тетово (за потребите на ООУ „Истикбал“, Тетово).

7. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Тетово (за потребите на ООУ „Кирил и Методиј“, Тетово).

8. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Тетово (за потребите на ООУ „Лирија“, Тетово).

9. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Тетово (за потребите на ООУ „Беса“, с. Вешала-Тетово).

10. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Тетово (за потребите на ООУ „Братство-Миѓени“, Тетово).

11. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Тетово (за потребите на ООУ „Гоце Делчев“, Тетово).

12. Ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Тетово (за потребите на ООУ „Андреја Савески Ќиќиш“, Тетово).

**Точка 30**

Владата ги донесе:

1. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Крушево (за потребите на ООУ „Св. Кирил и Методиј“, с.Бучин, Крушево) и

2. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Крушево (за потребите на ООУ „Никола Карев“, Крушево).

**Точка 31**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Македонски Брод (за потребите на ООУ „Св. Климент Охридски“, Македонски Брод).

**Точка 32**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Македонска Каменица (за потребите на ООУ „Свети Кирил и Методиј“, Македонска Каменица).

**Точка 33**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Зрновци (мебел за потребите на ООУ „Синиша Стоилов“, Зрновци).

## Точка 34

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Вевчани (за потребите на ООУ „Страшо Пинџур“, с. Вевчани).

## Точка 35

Владата ги донесе:

1. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Карпош (за потребите на ООУ „Петар Поп Арсов“, Ц.О. Скопје).

2. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Карпош (за потребите на ООУ „Христијан Тодоровски-Карпош, Скопје, Република Северна Македонија“).

3. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Карпош (за потребите на ООУ „Братство“, Скопје).

4. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Карпош (за потребите на ООУ „Владо Тасевски“, Скопје).

5. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Карпош (за потребите на ООУ „Војдан Чернодрински“, Скопје).

6. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Карпош (за потребите на ООУ „Димо Хаџи Димов“, Скопје).

7. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Карпош (за потребите на ООУ „Јан Амос Коменски“, Скопје).

8. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Карпош (за потребите на ООУ „Лазо Трповски“, Скопје ).

9. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Карпош (за потребите на ООУ „Аврам Писевски“, с. Бардовци, Скопје).

10. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Карпош (за потребите на ООУ „Вера Циривири-Трена“, Скопје).

## Точка 36

Владата ги донесе:

1. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Велес (за потребите на ООУ „Панко Брашнаров“, Велес).

2. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Велес (за потребите на ООУ „Блаже Конески“, Велес).

3. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Велес (за потребите на ООУ „Васил Главинов“, Велес).

4. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Велес (за потребите на ООУ „Св.Кирил и Методиј“, Велес).

## Точка 37

Владата ги донесе:

1. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Струга (за потребите на ООУ „Мурат Лабуништи“, Лабуништа).

2. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Струга (за потребите на ООУ „Браќа Миладиновци“, Струга).

3. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Струга (за потребите на ООУ „Гоце Делчев“, Подгорци, Струга).

4. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Струга (за потребите на ООУ „Единство“, с. Октиси, Струга).

5. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Струга (за потребите на ООУ „Зини Хани“, с. Велешта, Струга).

6. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Струга (за потребите на ООУ „Јосип Броз Тито“, Струга).

7. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Струга (за потребите на ООУ „Ашим Агуши“, с. Радолишта, Струга).

## Точка 38

Владата ги донесе:

1. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Виница (за потребите на ООУ „Гоце Делчев“, Виница).

2. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Виница (за потребите на ООУ „Славчо Стојменски“, Виница).

<u>Точка 39</u>

Владата ги донесе:

1. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Петровец (за потребите на ООУ „Кочо Рацин“, Петровец).

2. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Петровец (за потребите на ООУ „Братство-Единство“, с.Средно Коњари).

<u>Точка 40</u>

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Сопиште (за потребите на ООУ „Драга Стојановска“, с.Ракотинци-Сопиште).

<u>Точка 41</u>

Владата ги донесе:

1. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Теарце (за потребите на ООУ „Исмаил Ќемали“, с. Нераште “, Теарце).

2. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Теарце (за потребите на ООУ „Еќрем Чабеј“, с. Слатино ,Теарце).

3. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Теарце (за потребите на ООУ „ Асдрени“, с. Глоѓи, Теарце).

4. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Тетово (за потребите на ООУ „Фаик Коница“, с. Доброште, Теарце).

5. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Теарце (за потребите на ООУ „Кирил Пејчиновиќ“, с. Теарце , Теарце).

<u>Точка 42</u>

Владата ги донесе:

1. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Липково (за потребите на ООУ „Рилиндија“, с.Лојане, Липково).

2. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Липково (за потребите на ООУ „Фаик Коница“, с. Слупчане, Липково).

3. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Липково (за потребите на ООУ „Антон Зако Чајупи“, с. Отља Липково).

4. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Липково (за потребите на ООУ „5-ти Октомври“, с. Никуштак, Липково).

5. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Липково (за потребите на ООУ „7 Марси“, с. Опае, Липково).

6. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Липково (за потребите на ООУ „Дитуриа“, с. Липково).

7. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Липково (за потребите на ООУ „Култура“, с. Матејче Липково).

## Точка 43

Владата ги донесе:

1. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Тетово (за потребите на ООУ „Наим Фрашери“, Тетово).

2. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Тетово (за потребите на ООУ „Ѓерѓ Кастриоти-Скендербеу“, с. Порој-Тетово).

3. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Тетово (за потребите на ООУ „Андреја Савевски Ќиќиш“, Тетово).

4. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Тетово (за потребите на ООУ „Братство-Миѓени“, Тетово).

5. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Тетово (за потребите на ООУ „Кирил и Методиј“, Тетово).

6. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Тетово (за потребите на ООУ „Лирија“, Тетово).

7. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Тетово (за потребите на ООУ „Прпарими“, с. Голема Речица, Тетово).

8. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Тетово (за потребите на ООУ „Рилинdја“, с. Селце, Тетово).

9. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Тетово (за потребите на ООУ „Гоце Делчев“, Тетово).

10. Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Тетово (за потребите на ООУ „Истикбал“, Тетово).

**Точка 44**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за трауматологија, ортопедски болести, анестезија, реанимација и интензивно лекување и ургентен центар-Скопје.

**Точка 45**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за трауматологија, ортопедски болести, анестезија, реанимација и интензивно лекување и ургентен центар-Скопје.

**Точка 46**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Здравствен дом на Скопје-Скопје (кабинет за ОРЛ).

**Точка 47**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Здравствен дом на Скопје-Скопје (дигитален РТГ апарат).

**Точка 48**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за детски болести-Скопје.

## Точка 49

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за ендокринологија, дијабетес и метаболички нарушувања-Скопје.

## Точка 50

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Предлогот на закон за изменување на Законот за Царинската тарифа, по скратена постапка, поднесен од група пратеници, поради потребата Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да достави до Владата мислење по истиот.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

## Точка 51

Владата ја разгледа Иницијативата од Сашо Цветановски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.23/2023 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 31 став 6 од Законот за вршење на сметководствени работи („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.173/22) и притоа го утврди следното мислење:

Законот за вршење на сметководствени работи („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 173/22), е донесен во август 2022 година со основна цел регулирање на сметководствената професија. Имајќи предвид дека, водењето на сметководството е специфична професија и истото има влијание врз економските одлуки на менаџментот на компаниите, на инвеститорите, финансиерите и на државата, доколку сметководствената евиденција е неточна или нецелосна, сите одлуки базирани на неа се погрешни и имаат негативни финансиски ефекти.

Во врска со доставената иницијатива за поведување на постапка за оценување на уставноста на одредбата од член 31 став (6) од Законот за вршење сметководствени работи се укажува дека, предлогот на подносителот за поништување или укинување на одредбата е неоснован.

Одредбата гласи:
„(6) За целите на финансиското известување обврзникот за водење на сметководство може да вработи сметководител и/или овластен сметководител со полно работно време. Обврзниците за водење на сметководство, кои согласно со Законот за трговските друштва се поврзани лица, може да вработат едно исто лице со скратено работно време".

Неоснованоста за поведување на постапката за оценување на уставноста на наведената одредба е поради следното:

Согласно Законот за вршење на сметководствени работи, вршител на сметководствени работи е вработено лице кое може да биде со статус на сметководител или овластен сметководител. Со одредбите од член 25 до член 28 од Законот, се уредуваат условите и постапката за стекнување на уверение за сметководител, односно овластен сметководител. Имено, секој сметководител, односно овластен сметководител дури и да е невработен може да ја одржува лиценцата единствено со плаќање на членарината и посетување на континуираната едукација.

Со одредбите од член 31 до член 36 од Законот се уредува вршењето на сметководствените работи и уписот во соодветните регистри уредени со Законот.

Притоа, Законот уредува јасни, транспарентни и унифицирани критериуми за сите граѓани на Република Северна Македонија во поглед на можноста за вршење на сметководствени работи. На овој начин, Законот обезбедува почитување на одредбите од Уставот и достапност на работното место на сметководител или овластен сметководител под еднакви услови за секој граѓанин на Република Северна Македонија и не ги загрозува владеење на правото, правната заштита на сопственоста, слободата на пазарот и претприемништвото, согласно член 8 став 1 алинеи 1, 3, 7 и 8, член 9, член 11, член 32 и член 54 став 3 од Уставот.

Исто така, Законот дава можност секој сметководител или овластен сметководител по сопствен избор и одлука да склучи договор за вработување со својот работодавец на полно или скратено работно време, а му се дава можност на секој сметководител и овластен сметководител да основа друштво за вршење сметководствени работи или да се регистрира како трговец поединец и да изврши самовработување. Оттука, посочената одредба ниту го ускратува ниту го ограничува правото на вработување и еднаквите услови за достапност на работното место.

Исто така, се укажува дека е потребно да се прави дистинкција помеѓу забрана за вработување/работа и регулирање на финансиското известување во име на обврзникот за водење на сметководство. Финансиското известување опфаќа понесување на документи пред надлежните институции, односно застапување-потпишување на даночни пријави и годишни сметки од страна на сметководителот/овластениот сметководител во име на обврзникот за водење на сметководство пред надлежната институција. Оттука, на ниту еден сметководител ниту овластен сметководител, Законот lex specialis кој ја регулира оваа професија, не му забранува ниту ускратува право да работи или да се вработува на повеќе места со скратено работно време, меѓутоа Законот го регулира делот на застапувањето и одговорноста која произлегува за сметководителот/овластениот сметководител, кој во име на обврзникот за водење на сметководство може да потпише годишна сметка и даночна пријава.

Секоја професија има сопствени правила, па така, заради заштитата на веродостојноста на податоците, одговорноста при потпишувањето на завршната сметка и даночните пријави, покрај управителот или содружникот, ја сноси и овластениот сметководител. Имено, Законот предвидува дека, за целите на потпишување на годишната сметка и даночните пријави и доставување и потврдување на податоците до надлежните институции кои се потребни за собирање на средства во Буџетот на државата, потписникот може да биде вработен само во една компанија со полно работно време за да може да сноси одговорност. Секој друг може да работи со скратено работно време во повеќе компании, но не и да потпишува годишна сметка и даночни пријави, освен ако нема основано друштво за вршење на сметководствени работи.

Во член 31 став (6) од Законот, не се врши дискриминација ниту ограничување, напротив одредбата уредува дека обврзниците за водење на сметководство, кои согласно Законот за трговските друштва се поврзани лица (капитално поврзани), може да вработат едно исто лице со скратено работно време. Законот не врши ниту дискриминација ниту го ограничува правото на работа и правото на вработување, ниту изборот при вработување, туку ја регулира сметководствената професија, а врз основа на тоа го уредува и делот на финансиското известување, односно уредува кој може да го спроведува финансиското известување, во чие име, односно за кого.

Согласно горенаведеното, одговорноста која сметководителот/овластениот сметководител ја сноси при финансиското известување кон надежните органи и институции, а како застапник на обврзникот за водење на сметководство истата може да ја сноси и вработениот сметководител/овластен сметководител со полно работно време, или вработен со скратено работно време во две капитално поврзани друштва, но единствено за друштвата во кои е вработен.

Согласно горенаведеното, се укажува дека крајна цел на вака дефинираното законско решение е насочено кон обезбедување на целосни, вистинити и веродостојни информации за резултатите на финансиската состојба и финансиската успешност на обврзникот за водење на сметководство за потребите на самиот обврзник, неговите деловни партнери, државата и останати заинтересирани страни со што се придонесува кон заштита на јавниот интерес.

Поради тоа, се отфрлаат наводите во Иницијативата, односно со одредбата од член 31 став (6) од Законот не се ограничува слободата на пазар, ниту се нарушува еднаквоста на слободите и правата на сметководителите и овластените сметководители. Исто така, не се ограничува слободата на пазар и претприемништвото, ниту пак се нарушува еднаквоста на слободите и правата на сметководителите и овластените сметководители.

Согласно ова, се смета дека цитираната одредба не е во спротивност со Уставот на Република Северна Македонија, ниту пак е во колизија со наведените одредби од

Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност и Законот за работните односи, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да донесе решение за неповедување на постапка за оценување на уставноста на член 31 став 6 од Законот за вршење на сметководствени работи.

**Точка 52**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ермира Мехмети од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.94905 за КО Чаир, на КП бр.183 викано место/улица „Чаир" и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 53**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ермира Мехмети од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.93001 за КО Чаир на КП бр.2569, викано место/улица „Дижонска" и Имотен лист бр.957773 за КО Чаир на КП бр.2569, викано место/улица „Дижонска бр.96" и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

**Точка 54**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Нерџиван Идризи од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.43855 за КО Карпош на КП бр.860/2, викано место/улица „Партизански одреди" и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 55**

Владата го одложи разгледувањето на Известувањето од извршител Гордана Џутеска од Охрид, доставено под И.бр. 62/2021, за Налог за извршување врз недвижност, запишана во Имотен лист бр.60582 и Имотен лист бр.60578, за КО Охрид 3, со дополнувањето, поради потребата мислења по материјалот да достават Управата за заштита на културно наследство и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 56**

1. Владата го именува Агрон Речи за државен правобранител на Република Северна Македонија и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

2. Владата на Агрон Речи државен правобранител во Државното правобранителство на Република Северна Македонија за подрачјето на Охрид му утврди престанок на функцијата поради неговото именување на друга функција, именуван со Решение на Владата на Република Северна Македонија бр. 15-4205/1 од 18 април 2023 година за државен правобранител на Република Северна Македонија.

3. Владата заклучи да му препорача на Управниот одбор на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Северна Македонија, од должноста вршител на должноста директор на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Северна Македонија да го разреши Хајрула Мисини, а за вршител на должноста директор да го именува Зухди Енуз.

**Точка 57**

**1.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба во снабдувањето со електрична енергија на целата територија на Република Северна Македонија, заради недостиг на електрична енергија и состојбите на пазарите на електрична енергија за период од 6 април 2023 година до 12 април 2023 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**2.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 6 април 2023 година до 12 април 2023 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**3.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на подрачјето на Град Скопје, заради недостиг на топлинска енергија, можноста за користење на алтернативно гориво и состојбите на пазарот на топлинска енергија, за период од 6

април 2023 година до 12 април 2023 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**4.** Владата на предлог на м-р Крешник Бектеши, министер за економија ги задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија и Министерството за финансии, да доставaт номинации за членови во Комисијата за евалуација на барањата за финансиска поддршка за инвестиции согласно Законот за финансиска поддршка на инвестиции („Службен весник на Република Македонија“ бр.83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19 и 124/19).

**5.** Владата ја разгледа Информацијата за влошената финансиска состојба на АД за поштенски сообраќај Пошта на Северна Македонија во државна сопственост-Скопје и барање помош за излез од истата, ја усвои Информацијата и го задолжи АД за поштенски сообраќај Пошта на Северна Македонија во државна сопственост-Скопје да ја продолжи постапката за поднесување барање за заем/позајмица од АД МЕПСО-Скопје.

**6.** Владата ја разгледа Информацијата за учество на Република Северна Македонија на „Осака Експо 2025”, со Предлог-решение и ја усвои со следниве заклучоци:

1) Го донесе Решението за назначување на генерален комесар и заменик на генералниот комесар на Република Северна Македонија за „Осака Експо 2025“.

2) Се формира Комесаријат во чиј состав се: комесар, заменик-комесар, член од Министерството за надворешни работи, член од Министерството за економија и член од Министерството за култура, за што министерствата во рок од пет дена до Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, да номинираат по едно лице-член во Комесаријатот.

3) Формира работна група за „Осака Експо 2025” со претставници од: Кабинетот на Претседателот на Република Северна Македонија, Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, Министерството за надворешни работи, Министерството за финансии, Министерството за култура, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерство за транспорт и врски, Сојуз на стопански комори, Фондот за иновации и технолошки развој, Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот и невладините организации, за што е потребно истите до Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да доставaт номинации за член и заменик-член.

Координатор на работната група за координација на подготовките за учество на Република Северна Македонија на „Осака Експо 2025” да биде Министерството за надворешни работи.

**Точка 58**

Владата го разгледа Тримесечниот финансиски извештај за работењето на ЈП Службен весник на Република Северна Македонија за периодот октомври-декември 2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 59**

Владата го разгледа Извештајот за финансиското работење на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје за периодот 1 јули 2022-30 септември 2022 година, како материјал за информирање.

Владата го разгледа Извештајот за финансиското работење на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје за периодот 1 јули 2022-30 септември 2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 60**

Владата го разгледа Извештајот за финансиското работење на Акционерското друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје за периодот 1 октомври 2022-31 декември 2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 61**

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на годишните планови за вработување за 2022 година за периодот јули-декември 2022 година, кој содржи податоци за бројот на планирани и бројот на реализирани вработувања во институциите на јавниот сектор по правична застапеност на припадниците на заедниците, со Полугодишен извештај, како материјал за информирање.

**Точка 62**

Владата го разгледа Извештајот за извршувањето на потставките 412110-Постојана резерва непредвидливи расходи) и 413110-Тековни резерви (разновидни расходи) од Буџетот на Република Северна Македонија за периодот 1 јануари-31 декември 2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 63**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на финансиската инспекција во јавниот сектор во 2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 64**

Владата ја разгледа Информацијата за работењето на компензационите фондови од странска помош со прилог извештаи за 2021 година усвоени од Комисијата за менаџмент со компензационите фондови на седницата одржана на 23 декември 2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 65**

Владата го разгледа Извештајот за реализација на Програмата за развој на туризмот во Република Северна Македонија за 2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 66**

Владата го разгледа Извештајот за реализација на Програмата за поддршка на домашен туризам за работници со ниски приходи за 2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 67**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Договорот за изградба на автопатот на Коридорот 8: делница Тетово-Гостивар-Букојчани и Требениште-Струга-Ќафасан и автопатот на Коридорот 10 Д: делница Прилеп-Битола, број 09-2234/1 од 8 март 2023 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Владата согласно член 1 точка 12 од Договорот за изградба на автопатот на Коридорот 8: делница Тетово-Гостивар-Букојчани и Требениште-Струга-Ќафасан и автопатот на Коридор 10 Д: делница Прилеп-Битола, број 09-2234/1 од 8 март 2023 година и Законот за класифицирани информации* („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19), заклучи истиот да се класифицира со степен на класификација „ДОВЕРЛИВО“.

2. Даде согласност на Јавното претпријатие за државни патишта Договорот за изградба на автопатот на Коридорот 8: делница Тетово-Гостивар-Букојчани и Требениште-Струга-Ќафасан и автопатот на Коридорот 10 Д: делница Прилеп-Битола, број 09-2234/1 од 8 март 2023 година да го достави до Основното јавно обвинителство за гонење организиран криминал и корупција, во заверена копија (класифициран).

## Точка 68

Владата ја разгледа Информацијата за процесите за дигитализација и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат органите на државната управа, а им се препорачува на единиците на локалната самоуправа и Заедницата на единиците на локална самоуправа да се вклучат во имплементацијата на процесите за дигитализација и во рок од седум дена до Министерството за информатичко општество и администрација да номинираат лица за координација.

2. Со цел воспоставување на националните насоки за дигитализација (road map) се задолжуваат органите на државната управа, а им се препорачува на единиците на локалната самоуправа и Заедницата на единиците на локална самоуправа во рок од 30 дена до Министерството за информатичко општество и администрација да доставaт информација со опис на ИТ инфраструктурата и софтверските апликации кои ги употребуваат.

## Точка 69

Владата ја разгледа Информацијата за исплата на пензии за април 2023 година и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија да ги достави податоците за пензиите до деловните банки, најдоцна до 24.4.2023 година.

2. Се препорачува на деловните банки да обезбедат пензионерите да може да располагаат со априлските пензии преку мрежата на банкомати и во трговската мрежа од 25.4.2023 година.

3. Се препорачува на деловните банки преку филијалите и експозитурите на банките да обезбедат готовинска исплата на пензии за клиентите кои не користат картички, во четири групи според следниот распоред составен според висината на пензијата:

-за пензии со висина до 11.000 денари, исплатата да се изврши на 25.4.2023 година (вторник),

-за пензии со висина 11.001-14.000 денари, исплатата да се изврши на 26.4.2023 година (среда),

-за пензии со висина 14.001-18.000 денари, исплатата да се изврши на 27.4.2023 година (четврток) и

-за пензии со висина над 18.001 денари, исплатата да се изврши на 28.4.2023 година (петок).

## Точка 70

Владата ја разгледа Информацијата во врска со консултациите со Француската агенција за развој (АФД) за одобрување на кредитна линија и доставената ревидирана понуда со предлог-услови од страна на АФД и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии, во соработка со Развојната банка на Северна Македонија да се обрати до Француската развојна агенција (АФД), со барање за одобрување на кредитна линија во износ од 50 милиони евра, наменета за финансирање на одржливи и општествено-одговорни инвестиции и активности во областа на климатското финансирање.

2. Се укажува на Развојната банка на Северна Македонија да ја започне постапката за добивање на согласност од Министерството за финансии за задолжување обезбедено со државна гаранција.

3. Се задолжува Министерството за финансии, по усвојување на Законот за државна гаранција и потпишување на договорот за заем и договорот за државна гаранција, да подготви и до Владата да достави предлог-одлука за субвенционирање на каматната стапка на Развојната банка на Северна Македонија кон АФД, за покривање на административниот трошок кој Развојната банка на Северна Македонија ќе го пресметува кон деловните банки, преку кои ќе се пласираат средствата од оваа кредитна линија.

## Точка 71

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за доделување на концесија за експлоатација за потребите за изградба на хидротехнички објект-брана Отиња на минерална суровина-песок и чакал на Општина Штип на локалитетот „Акумулационен простор на насипната брана Отиња“, Општина Штип и ја донесе Одлуката со заклучок текстот на истата редакциски да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 72

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за доделување на концесија за експлоатација за изградба на хидротехнички објект-брана Отиња на минерална суровина-глина на Општина Штип на локалитетот „Шмрк“, с. Долани, Општина Штип и ја донесе Одлуката со заклучок текстот на истата редакциски да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 73

Владата ја разгледа Информацијата за дуално образование и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се препорачува коморите надлежни за верификација на компаниите да ги ревидираат процедурите по однос на времетраење и потребни документи за верификација.

2. Се препорачува Економско-социјалниот совет да даде конкретни предлози за стимулирање на компаниите вклучени во процесот на дуалното образование.

## Точка 74

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредни години на Министерството за здравство за набавка на системи за следење (мониторирање) на гликоза базиран на сензори наменети за пациенти со тип 1 дијабетес за периодот април 2023 година-април 2025 година во Република Северна Македонија и ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредните 2023 година, 2024 година и 2025 година на Министерството за здравство, за набавка на системи за следење (мониторирање) на гликоза базиран на сензори наменети за пациенти со тип 1 дијабетес за периодот април 2023 година-април 2025 година во Република Северна Македонија, во вкупна вредност од 164.000.000,00 денари со вклучен ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:

-20.000.000,00 денари во 2023 година;
-100.000.000,00 денари во 2024 година и
-44.000.000,00 денари во 2025 година.

2. Се задолжува Министерството за здравство за текот и прогресот на активностите во врска со ова прашање да ја информира Владата на секои девет месеци, се до конечна реализација на набавката.

3. Се задолжува Министерството за здравство потребните средства за набавка на системи за следење (мониторирање) на гликоза базиран на сензори наменети за пациенти со тип 1 дијабетес за периодот април 2023 година-април 2025 година во Република Северна Македонија да ги прикаже во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за соодветните фискални години.

Истовремено, се задолжуваат Министерството за здравство и Министерството за финансии да утврдат од која буџетска ставка ќе се реализира оваа јавна набавка.

**Точка 75**

Владата ја разгледа Информацијата за престанување на важењето на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за производство, трговија и услуги Крушево веед инт ДОО-Скопје, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за производство, трговија и услуги Крушево веед инт ДОО-Скопје.

**Точка 76**

Владата ја разгледа Информацијата за престанување на важењето на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за производство, трговија и услуги Цаналифе ДОО с. Ивањевци-Могила, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за производство, транспорт и услуги Цаналифе с. Ивањевци-Могила, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 77**

Владата ја разгледа Информацијата за престанување на важењето на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за производство, транспорт и услуги Каннафиелд ДООЕЛ-Скопје, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за производство, трговија и услуги Каннафиелд ДООЕЛ Скопје.

**Точка 78**

Владата ја разгледа Информацијата за престанување на важењето на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштвото за производство, трговија и услуги Реј греен ДОО-Скопје, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за производство, трговија и услуги Реј греен ДОО Скопје.

## Точка 79

Владата ја разгледа Информацијата за престанување на важењето на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Трговско друштво за одгледување на лековити растенија, застапување, услуги и трговија на големо и мало Цанноби увоз извоз ДООЕЛ Скопје, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Трговско друштво за одгледување на лековити растенија, застапување, услуги и трговија на големо и мало Цанноби увоз извоз ДООЕЛ Скопје.

## Точка 80

Владата ја разгледа Информацијата за престанување на важењето на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за производство, промет и услуги Кабеири ДОО увоз-извоз Скопје, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за производство, промет и услуги Кабеири ДОО увоз-извоз Скопје.

## Точка 81

Владата ја разгледа Информацијата за престанување на важењето на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за производство и трговија Андерсон леонард фармацеутикал ДООЕЛ-Скопје, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за производство и трговија Андерсон леонард фармацеутикал ДООЕЛ-Скопје.

## Точка 82

Владата ја разгледа Информацијата за престанување на важењето на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за трговија и услуги Солидис хербал ДООЕЛ Струмица, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за трговија и услуги Солидис хербал ДООЕЛ Струмица.

## Точка 83

Владата ја разгледа Информацијата за престанување на важењето на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за производство, трговија и услуги Грин медикал терапи ДОО Чучер-Сандево Скопје, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за производство, трговија и услуги Грин медикал терапи ДОО Чучер-Сандево Скопје.

*

*        *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 13:40 часот.

**Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија**

**м-р Методија Димовски**

**Претседател на Владата на Република Северна Македонија**

**д-р Димитар Ковачевски**